ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 20.11.2015

# СООПШТЕНИЕ

## Резултати од новиот кол центар за хронични пациенти

Во врска со реализација на проектот на Владата на Република Македонија, „Фондот се грижи за хроничните болни“ би сакале да ве информираме за најновите резултати од јавувањата на вработените од Фондот во грижата на хронично болните. Комуникацијата во кол центарот се одвива со телефонски јавувања, смс пораки и е-пошта со осигуреници кои се хронично болни од кардиолошки, бубрежни заболувања и дијабетес.

Досега, 10 тима на вработени во Фондот контактираа 10.000 осигуреници со дијабетес, кардиолошки и бубрежни заболувања, од предвидените 154.531 осигуреник. Можеме со задоволство да констатираме дека за овој период од месец дена, наидовме на позитивен прием кај осигурениците кои ги контактиравме.

Осигурениците поттикнати од нашите јавувања се интересираа и за други права од здравственото осигурување, кои се во надлежност на Фондот, како што се: остварување право на ортопедски помагала, право на медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и бараа дополнителни информации за лекови на позитивната листа.

Како што ја информиравме јавноста, нашите тимови се составени од вработени од поголемите подрачни служб,и како што се: Скопје, Тетово, Штип, Битола, Струмица, Велес, Прилеп и Куманово. Тие се јавуваат на осигурениците со трите хронични заболувања да ги потсетат кои прегледи треба редовно да ги прават, да ги информираат за комплексноста на заболувањето, со цел да се стопира можната прогресија на болеста.